**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

# Портфолио на Здружението на граѓани за помош и поддршка на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје

Нашето здружение е непрофитна и невладина организација која дејствува во областа на социјалната заштита. Почнавме како неформална група во 2013 година, продолживме во состав на здружение кое се бавеше со повеќе дејности, а на 9 јануари 2015 година формиравме самостојно здружение под името Љубезност, исклучиво за помош на луѓе од социјално ранливите категории. Работиме на национално ниво, и посетуваме семејства во повеќе градови и села на целата територија на државата, со фокус на нашата работа во Скопје. Здружението започна со работа претежно на волонтерска основа, но денес имаме десетина вработени во редовен работен однос, а повремено имаме хонорарно ангажирани лица и волонтери. Во текот на својот организациски развој ЗГ Љубезност поминува низ динамичен развој и за само неколку години стана значаен чинител во областа на социјалната заштита. За тоа време фокусот на нашето работење се префрли од делење хуманитарна помош кон справување со бездомништвото и ресоцијализација на луѓето во ризик од бездомништво и други видови социјален ризик со тоа што им вршиме социјални и други услуги.

Нашата визија е да живееме во општество без сиромаштија каде што постојат прифатеност, инклузија и еднакви можности за бездомните и социјално загрозените граѓани.

Во нашата визија за пример ги земаме општествата од социјалните држави на Западна Европа, каде постои систем на социјална заштита во кој речиси нема бездомништво и сиромаштија во смисла во која постојат овде во Северна Македонија. Ние со нашата работа ќе настојуваме ваквиот концепт да го доближиме до овие простори, како преку акции на терен насочени кон бездомните и социјално загрозените лица, така и преку нивно застапување и лобирање кај властите и другите креатори на политики за ваков систем на социјална заштита да биде воведен и во нашата земја. Ова е конзистентно и со очекуваниот процес на пристапување на Северна Македонија кон Европската Унија.

Мисијата на Љубезност е континуирано образование, помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените лица во процесот на нивна ресоцијализација и реинтеграција.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

Наши стратешки цели се:

1. Намалување на сиромаштијата. Оваа стратешка цел ја оствaруваме со тоа што спроведуваме директни посети во престојувалиштата на бездомниците и во домовите на социјално загрозените семејства и поединци, ги идентификуваме нивните проблеми, им вршиме интегрирани социјални услуги и прибираме донации за овие граѓани.
2. Намалување на невработеноста. Оваа стратешка цел ја остваруваме преку идентификување на работоспособните бездомници и социјално загрозени лица кои сакаат да се вработат и нивна поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Дополнително, нашето здружение во своите програмски активности порано директно работно ангажираше некои од бездомните и социјално загрозените лица.
3. Намалување на бездомништвото. Проблемот со бездомништвото го решаваме со програми за вдомување, обезбедувајќи економични станбени простори со ниски закупнини и поволни услови за живеење за бездомни семејства и за бездомници. Ние вршиме поправки и санација на руинираните домови на социјално загрозените лица со што го намалуваме ризикот од бездомништво кај нив.
4. Унапредување на состојбата на бездомните и социјално загрозените лица. За остварување на оваа цел Љубезност работи на упатување, советување и поврзување на бездомните и социјално загрозените лица со медицински установи и со психолошки советувалишта и им дава психосоцијална поддршка и медицинска помош.
5. Организациски развој на Љубезност. Со остварување на оваа цел се овозможува зголемување на бројот на корисници кои ги опслужуваме, зголемување на обемот на услугите и на хуманитарната помош која им ја даваме, но и диверзификација на нашата работа односно сме во можност да вршиме нови сродни услуги кои порано не сме им ги нуделе на нашите корисници. Растот и развојот на нашата организација придонесуваат кон остварување на нашата визија и мисија и на другите стратешки цели на Љубезност.

Наши крајни корисници се бездомниците и социјално загрозените семејства кои живеат во многу тешки услови за живот и во голема сиромаштија.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

Љубезност во континуитет или периодично ги спроведува следните активности:

- Подготовка и делење бесплатни оброци за бездомниците секоја сабота пред домот на Мајка Тереза во центарот на Скопје и на други локации во градот.
- Обезбедување интервентна хуманитарна помош во храна, лекови, средства за хигиена, облека, чевли, постелнина и мебел и нејзина достава до домовите на социјално загрозените семејства
- Вршење интегрирани социјални и правни услуги на нашите крајни корисници
- Медицинска поддршка, психолошко тестирање и советување и придружба на нашите крајни корисници на прегледи во јавни здравствени установи
- Поддршка при обезбедување лични документи за нашите крајни корисници (лични карти, изводи од матичните книги, државјанства), која вклучува и плаќање административни такси за овие документи за сметка на нашите корисници
- Регистрирање на претходно нерегистрирани деца и возрасни лица (фантоми) во Управата за водење матични книги
- Пријавување на корисниците во Фондот за здравствено осигурување
- Учество на конференции, семинари и состаноци за градење политики во социјалниот сектор
- Сезонски собирни пунктови за време на есента за собирање храна, облека, чевли и постелнина на четири локации во Скопје во рамките на големите трговски центри.
- Обезбедување поддршка на самохрани мајки во храна, облека, греење, реновирање домови итн.
- Собирање и донирање новогодишни пакетчиња за децата од социјално загрозените семејства
- Посредување при донирање средства за плаќање заостанати сметки за електрична енергија и за вода на семејства и поединци во социјален ризик
- Грижа за бездомниците во текот на зимата
- Комуникација и соработка со јавните институции на централно и локално ниво
- Психосоцијална поддршка од страна на социјалните работници и психологот на здружението
- Поддршка при вработување, која вклучува изработка на работни биографии и мотивациски писма за крајните корисници
- Изградба и реновирање на домови
- Поправки и санација на домови
- Вдомување бездомници во изнајмени станбени објекти со поддршка
- Во нашето работење во значајна мера се потпираме на волонтери кои претставуваат важен столб во спроведување на активностите на нашето здружение. Од друга страна, ние градиме позитивен однос со волонтерите како наши конституенти и им пружаме разна поддршка во стекнување работни навики кои ќе им бидат од корист во иднина. Од нашето основање до денес сме имале преку 200 различни волонтери.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

Соработка и партнерства:

- Партнерство со „Суниленс", претпријатие за рециклирање отпадни масла спроведено преку еко хуманитарна активност Рециклирај и донирај
- Иницијативите Ретвитни оброк, Мрдни со прст, Сите сити и Храна за сите
- Соработка со волонтерскиот кор на Амбасадата на САД преку присуство на волонтери и маринци во активностите за споделување храна и учество на волонтерскиот кор во подготовка на оброци
- Партнерство со Ајде Македонија - присуство на работната група во која учествуваат тројца министри за нацрт - закон за донација на вишок храна
- Партнерство со Здружението на студенти по социјална работа (заеднички тимови на терен и помагање на социјално загрозените семејства да ги решат правните прашања)
- Заеднички активности со АДРА Македонија, Свети Спас, Зелена платформа, Порака Неготино и други здруженија
- Соработка со општина Струмица, вклучување на обезбедување решенија за социјално загрозените во таа област и почеток на соработка за собирање отпадно масло од домаќинствата
- Партнерство со Градот Скопје во врска со нашите оперативни активности во текот на годината, како и за време на карантинот и полицискиот час поради пандемијата од КОВИД-19 во нашата земја, така и после завршувањето на пандемијата, во вршење мобилни интегрирани услуги за граѓаните во социјален ризик
- Поддршка од Општина Карпош за нашите мобилни интегрирани услуги за граѓани во социјален ризик и за вдомување бездомници со поддршка
- Поддршка од Општина Гази Баба за нашите мобилни интегрирани услуги за граѓани во социјален ризик и за вдомување бездомници со поддршка
- Споделување искуства и добри практики на меѓународно ниво со невладината организација ХВО Куеридо од Амстердам и уште пет други партнери од исто толку европски држави
- Соработка со претпријатието ЦМИкс Солушнс за донации во храна за лица во ризик од сиромаштија
- Во соработка со иницијативата Ways2help посредуваме при плаќање заостанати сметки за електрична енергија и вода на социјално загрозени семејства
- Реализација на заложбата за изработка на Регистар на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци
- Учество во консултативниот механизам од претходниот циклус од подготовката на стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

Досегашни и тековни донаторски проекти:

1. Мобилизација на граѓанството и локалните заедници за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во зимскиот период 2017/2018.
2. Прибирање средства за помош и поддршка на бездомници и сиромашни. Овој проект беше финансиран од програмата ИПА на ЕУ, преку шема за регрантирање организирана од здружението Конект
3. Обновување на соништата за справување со осаменоста. Ова е меѓународен проект во рамките на програмата ЕРАСМУС+ и се реализираше во соработка со партнери од шест други европски земји на теми поврзани со осаменоста кај бездомниците и социјално загрозените лица.
4. Социјална економија без граници е меѓународен проект финансиран од Вишеградскиот фонд кој беше спроведуван во партнерство со Фондацијата Барка од Полска и уште осум партнери од Северна Македонија, Чешка и Унгарија.
5. Институционална поддршка од програмата Цивика мобилитас во периодот 2019 – 2022 за градење капацитети на нашата организација.
6. Мобилизација на заедницата во борба против гладот. Овој проект беше спроведуван во партнерство со Новинари за човекови права а беше финансиран од мрежата ВСС ефект.
7. Мобилизација на граѓанството и локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2018
8. Мобилизација на граѓанството и локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2019
9. Мобилизација на граѓанството и локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2020
10. Мобилизација на граѓаните и на локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2021
11. Мобилизација на граѓаните и на локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2022
12. Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на град Скопје во 2023 година
13. Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на град Скопје во 2024 година
14. Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на Општина Карпош
15. Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на криза со пандемијата на КОВИД-19
16. Грижи се е проект финансиран од владата на Австрија кој го спроведуваме во партнерство со

Македонски Каритас и АДРР Сонце од Тетово. Проектот се однесува на зајакнување на најранливите категории граѓани преку нивно вдомување, психосоцијална поддршка, обезбедување правна и медицинска помош и обуки и работилници за стекнување на основни животни вештини.

17. Грижи се 2 е проект кој го спроведуваме во периодот 2023 – 2025 година кој се фокусира на вдомување со поддршка и вршење социјални услуги на нашите крајни корисници
18. Градење меѓународни мостови – социјално претприемништво како алатка за локално економско зајакнување е проект финансиран од Вишеградскиот фонд, а во него учествуваат 14 граѓански организации и општини од пет земји.
19. Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на Општина Гази Баба
20. Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на Општина Гази Баба во 2023 година
21. Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на светска економска криза. Овој проект го спроведуваме во периодот од јануари до јуни 2023 година со финансиска поддршка од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Цел на проектот е да им dadеме интегрирана помош и поддршка на бездомниците и граѓаните кои се во ризик од сиромаштија во справувањето со растечката инфлација и економската криза.
22. Намалување на отпадот од храна преку собирање и дистрибуција на вишокот на храна до бездомните и социјално загрозените лица во Скопје. Општа цел на проектот е намалување на отпадот од храна преку собирање и дистрибуција на вишокот на храна до бездомните и социјално загрозените лица во Скопје. Ние сакаме да пилотираме одржлив систем за управување со вишокот храна за тој, наместо да заврши како отпад од храна, да им се даде на граѓаните кои имаат недостиг од храна. Овој проект го спроведуваме во периодот од јануари до декември 2023 година со финансиска поддршка од Програмата за мали грантови за Северна Македонија на Глобалниот еколошки фонд.
23. Скопски фестивал за храна е проект финансиран од УСАИД за собирање средства за редистрибуција на вишокот храна до луѓето во социјален ризик кои се соочуваат со недостиг од храна. Проектот е во тек и него го спроведуваме во партнерство со Здружението Гоу Грин.
24. Справување со сиромаштијата и бездомништвото во Западен Балкан е проект финансиран од австриското министерство за социјална заштита, здравство, грижа и заштита на потрошувачите кој се фокусира на подобрувањето на условите за живеење на бездомниците и на оние во ризик од бездомништво преку сет на услуги на терен и застапување и лобирање за донесување и унапредување на стратешките документи поврзани со третманот на проблемот на бездомништво.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин Бр. 30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com

**Лице за контакт:** Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057017102261

**Основна сметка**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**: KOBSMK2X

Нашата организација располага со канцеларија во центарот на Скопје, два автомобили и две комбиња кои се користат за дистрибуција на хуманитарна помош и со техничка опрема составена од компјутери, печатачи, проектор и ЛЦД екрани. Ние користиме изнајмен магацин надвор од градот за складирање донации, друга стока и опрема.

Според статутот, нашето здружение има Управен одбор во состав од седум членови, на чело со претседателот на Здружението, и Надзорен одбор во состав од пет члена. Мандатот на членовите на УО и НО е четири години. Членовите на Надзорниот одбор вршат мониторинг на работата на Управниот одбор, претседателот и оперативниот тим. Задачи на Управниот одбор се да врши планирање, известување, донесување стратешки одлуки и избор на членовите на оперативниот тим. Оперативниот тим на Љубезност е тело кое ги врши тековните активности на терен, комуникациските и административните активности. Оперативниот тим е во променлив состав и со променлив број на членови, од шест до дванаесет, во него се вклучени и волонтери, повремено се вклучуваат и членови на Управниот одбор, а го води претседателот на Љубезност.

Имаме сестран оперативен тим со долгогодишно искуство со работа во хуманитарни дејности, социјална заштита и во граѓански организации. Многу од нашиот тим редовно посетуваат курсеви, обуки и работилници за да ги надградат своите знаења и способности во областите кои се нивни специјалности. Во моментот кога е напишан овој извештај имаме девет вработени лица во редовен работен однос и околу дваесет волонтери кои се повремено ангажирани во нашето здружение.

Годишните приходи на Љубезност во текот на 2023 година изнесуваа 6 743 943 МКД или 109 658 евра.

**Организациски податоци**

| | |
|---|---|
| PIC број | 914613971 |
| Europe AID број | MK-2019-EKB-1408551366 |
| Целосно име: | Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје |
| Акроним | ЗГ Љубезност |
| Целосно име на англиски јазик | Civic association for assistance to homeless, socially disadvantaged families and individuals Kindness – Skopje |
| Организациска форма | Здружение на граѓани |
| Седиште | булевар Кочо Рацин број 30-1/3, 1000 Скопје |
| Веб страна | www.ljubeznost.mk |
| Фејсбук страна | www.facebook.com/ljubeznost |
| Твитер профил | https://twitter.com/Ljubeznost |
| Инстаграм профил | https://www.instagram.com/ljubeznost/ |
| Електронска пошта | vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com |

Скопје, 19.02.2025 година